РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-365/4
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 6 – та седница одржана на 12.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-365/1 од 24.01.2024 година против службеното лице --------, член на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие --------- и член на Училишниот одбор на СУГС -------------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК заклучи дека е констатирана повреда на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, но поради застареност на прекршокот не може да поведе прекршочна постапка.
ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај, бидејќи е настаната и промена на фактичката состојба.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-365/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 28.12.2023 година, согласно член 17 став (1) точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши редовна проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.
Имено, по извршена проверка на поднесениот образец Изјава за интереси од страна на лицето ----------- со бр. 09-8796/1 од 12.10.2022 година, како и проверка во Централниот регистар на РСМ и сопствената евиденција на поднесени обрасци Анкетен лист и Изјава за интереси, Државната комисија утврди дека лицето покрај тоа што ја врши функцијата член на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие -------- во исто време ја врши и функцијата член на Училишниот одбор на СУГС ------, по што вака констатираната состојба е спротивна на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Со цел проверка на податоците пријавени во образецот Изјава за интереси од страна на лицето --------, ДКСК се обрати до наведеното лице со Известување и барање на информација бр. 09-365/2 од 06.02.2024 година, за да ги прибави актите за избор/именување или разрешување од двете наведни функции.
Врз основа на доставениот допис Молба бр. 09-365/3 од 16.02.2024 година од страна на -----, ДКСК утврди дека со донесена Одлука за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈКП ----------- од страна на Советот на општина ---------- бр. 09-274/7 од 27.01.2022 година е именувана за вршење на функцијата член на Управниот одбор на ова јавно претпријатие. Исто така со донесена Одлука за именување претставници на ----- во Училишниот одбор на СУГС --------- бр. 27-518/23 од 20.01.2022 година и Решение за верификување на мандат на именуван член на Училишен одбор – претставник од ------ донесено од Училишниот одбор на седница одржана на 07.02.2022 година истото лице е именувано за вршење на функцијата член на Училишен одбор на наведеното училиште сметано од 07.02.2022 година.
Во истиот допис лицето ---------- ја извести ДКСК дека поднела Барање за иземање до --------- бр. 27-1943/1 од 16.02.2024 година за да биде иземена од вршење на функцијата член на Училишниот одбор на СУГС --------, по што ДКСК констатира дека истата повеќе не ја извршува функцијата член на Училишниот одбор на СУГС ------------ односно со акт - Потврда за разрешување бр.03-272/3 од 16.02.2024 година се потврдува дека од ден 16.02.2024 година и се прифаќа поднесената оставка.
По анализа на добиената документација и утврдување на фактичката состојба, ДКСК заклучи дека лицето ---------- го прекршила член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи во период од 07.02.2022 година до 16.02.2024 година била именувана за вршење на функцијата член на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие --------- и вршела функција на член на орган на управување во СУГС --------, но поради тоа што се поминати две години од денот кога е сторен прекршокот ДКСК не може да поведе прекршочна постапка.
Имено, согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците („Службен весник на РСМ" бр. 96/2019 и 253/2023, Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: М.М – соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: Б.Ц. – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk